**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**

---

# ОДЛУКА

за назначување на овластено ревизорско друштво за 2025 година

---

Скопје, мај 2025 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. 470/31.05.2024, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје на седницата одржана на 30.5.2025 година донесе

**ОДЛУКА**
за назначување на овластено ревизорско друштво за 2025 година

1. Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје (СБ) го назначува ревизорското друштво **ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје** за овластено ревизорско друштво што ќе врши ревизија на финансиските извештаи и книговодствената евиденција за деловната и фискалната 2025 година.

2. Предлогот за избор на ревизорското друштво од точка 1 од оваа Одлука се утврди од страна на Одборот за ревизија на седницата одржана на 28.04.2025 година и тој се одобри од страна на Надзорниот одбор на седницата одржана на 29.04.2025 година.

3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

С.О. бр.
30.05.2025 година
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

**Претседавач,**

**ПРЕДЛОГ**
**За назначување на овластено ревизорско друштво за 2025 година**

Согласно член 104 и 105 од Законот за банки, Стопанска банка АД – Скопје (понатаму: Банката) има обврска да назначи овластено ревизорско друштво кое ќе изврши ревизија на работењето на Банката во 2025 година.

Согласно член 26 и член 60 од Статутот на СБ, предлогот за назначување на овластено ревизорско друштво се определува од Одборот за ревизија и откако тој се одобрува и од Надзорниот одбор, се доставува до Собранието на акционери.

Следејќи ја оваа постапка, Одборот за ревизија на СБ на седница одржана на 28.04.2025 година го определи предлогот **ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје** да се назначи за овластено ревизорско друштво кое ќе ја изврши ревизијата на финансиските извештаи и книговодствената евиденција на СБ за деловната и фискалната 2025 година, согласно домашните регулаторни стандарди.

Надзорниот одбор го одобри предлогот на Одборот за ревизија на седницата одржана на 29.04.2025 година.

Согласно горенаведеното, се предлага Собранието на акционери да ја одобри предложената Одлука.

Скопје, април 2025 г.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**